# ПОЛИТИКА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

За НоваПарк, еден од главни приоритети е приватноста на посетителите и корисниците. Оваа политика за заштита на личните податоци објаснува како НоваПарк ги користи вашите лични податоци (т.е. информации за вас и вашето возило) со цел да Ви обезбеди услуги за паркирање.

Оваа политика исто така образложува како НоваПарк се усогласува со Општата законска регулатива за заштита на податоците на Северна Македонија и Актот за заштита на податоците 2018 на Европската Унија (GDPR) [во понатамошниот текст „Закон за заштита на податоците“].

Оваа политика може да се добие преку пошта со испраќање на барање на адреса ул. Тодор Александров бр. 199/ дел.пр. бр. 4, 1000 Скопје, Северна Македонија и преку електронска пошта на daniela@makalarm.mk и ги вклучува следниве информации за да Ви помогне да разберете како се користат Вашите податоци:

- Кои податоци ги собира НоваПарк и како ги обработува истите
- Вашите права во однос на заштита на податоците
- Законска основа за обработка на Вашите податоци
- Категории на обработени податоци

## Согласност

Со користење на НоваПарк, Вие се согласувате на Политиката за заштита на личните податоци и со нејзините услови.

## Повеќе за НоваПарк

НоваПарк е интегрирано хардверско и софтверско решение развиено од Макаларм (ЕДБ: 4030992262118), компанија која е регистрирана во Северна Македонија и може да се контактира на ул. Тодор Александров бр. 199 / дел. пр. бр. 4, 1000 Скопје, Северна Македонија. Повеќе информации за Макаларм можете да најдете тука: www.makalarm.mk и политиката за приватност на Макаларм тука: http://www.makalarm.mk/privacy_policy.html. За развој на НоваПарк, Макаларм доби грант од Фондот за иновации и технолошки развој. Офицерот за заштита на личните податоци на Макаларм, Даниела Смилковска, може да се контактира на следната е-адреса: daniela@makalarm.mk.

## Деловни сервиси на НоваПарк

При влегување, паркирање и излегување од паркинг кој е управуван од НоваПарк, НоваПарк го снима и фотографира возилото и го регистрира преку автоматско препознавање на регистарски таблици (АПРТ) и видео камери. Во паркинзите каде што нема инсталирано или не работат видео камерите, вработените на паркинзите или вработените на НоваПарк може да земат белешки и слики/видеа за Вашето возило и за Вашата активност на просторот за паркирање. Податоците собрани од камери или од трети страни се потребни за да се утврди Вашата усогласеност со условите за паркирање и плаќање.

Вашите лични податоци се добиваат, задржуваат и обработуваат, во зависност од корисничката категоризација на НоваПарк. НоваПарк може да собира податоци за локација од уредот што го користите за пристап до сервисот и истите ги користи за да овозможи обезбедување на паркинг и други услуги преку истиот. Од овие причини, НоваПарк може да побара да ги активирате или овластите услугите за локација преку системот за дозволи што го користи Вашиот мобилен оперативен систем. Ако не ги активирате или овластите услугите за локација, НоваПарк нема да може да Ви ги обезбеди сите свои карактеристики или услуги.

Исто така, кога воспоставувате корисничка сметка или кориснички профил на НоваПарк, сервисот може да побара, добие и користи лични податоци од Вас. Овие податоци може да вклучуваат: име и презиме, корисничко име, лозинка, адреса на живеење и адреса за е-пошта.

Кога ги користите услугите на НоваПарк за да платите за паркирање, сервисот ќе побара детали за трансакцијата, односно: локација на Вашето паркинг место, време и датум, регистарска табличка на Вашето возило и детали за корисникот. Исто така, ќе треба да внесете и детали за плаќање. Од овие причини, би Ве замолиле да обрнете посебно внимание на делот "Дебитни/ Кредитни картички и начини за електронско плаќање" каде се објаснува како се обработуваат информациите за дебитната/кредитна картичка и процесот на онлајн плаќање.

Информациите за Вас или за возилото со кое паркирате, исто така, можат да се соберат електронски на локацијата за паркирање, или од наши системи или од страна на давателот на услуги за паркирање.

НоваПарк може да собира и други лични информации и податоци како резултат на користењето (без ограничување), односно при Ваше барање за овоможување на дополнителни производи и услуги или пак за одговор на барањата за дополнителни информации.

НоваПарк ги користи горенаведените информации и опрема и за откривање и спречување на криминални активности.

## Дебитни/Кредитни картички и начини за електронско плаќање

Сите плаќања за паркинг услуги преку НоваПарк се овозможуваат преку склучен договор со давател на овие услуги, Стопанска банка АД Скопје. НоваПарк го задржува правото да го промени давателот на услуги за обработка на плаќања без претходно известување. Давателот на услуги за обработка на плаќање ги добива и обработува деталите за трансакцијата (т.е. табличката со број на возилото и деталите за дебитна/кредитна картичка) за да овозможи процесирање на плаќањето. НоваПарк нема пристап до платежните информации, односно не ги добива или чува информациите за дебитните/кредитните картички на кој било корисник.

## Права за заштита на податоците

Секој корисник на НоваПарк има право на следново:

1. Право на пристап - Имате право да побарате копии од Вашите лични податоци кои се зачувани од страна на НоваПарк.
2. Право на исправност - Имате право да побарате корекција на сите информации кои сметате дека се неточни. Исто така имате право да побарате да се комплетираат информациите кои сметате дека се нецелосни.
3. Право на бришење - Имате право да побарате да се избришат Вашите лични податоци, под одредени услови.
4. Право на ограничување на обработката - Имате право да побарате да се ограничи обработката на Вашите лични податоци, под одредени услови.
5. Право на приговор на обработување на податоци - Имате право на приговор обработката на Вашите лични податоци, под одредени услови.
6. Право на преносливост на податоци - Имате право да побарате да се пренесат податоците што се архивирани на друга организација или директно до Вас, под одредени услови.

Ако поднесете барање за некое од горенаведените права, НоваПарк има рок од еден месец за да Ви одговори. Доколку сакате да остварите некое од овие права, Ве молиме контактирајте не преку електронска пошта на е-адреса: daniela@makalarm.mk.

## Право на пристап

- Доколку побарате остварување на Вашите права, согласно Законот за заштита на податоците, НоваПарк најпрвин ќе го потврди Вашиот идентитет пред да Ви даде било какви информации. Доколку Вашето барање е одбиено, НоваПарк ќе ви даде образложение по однос на истото. Во секој случај ќе добиете одговор и образложение за секое барање.

Барањето може да се поднесе преку е-пошта, на daniela@makalarm.mk или писмено на горенаведената адреса. Во секој случај, НоваПарк го задржува правото да побара доказ за Вашиот идентитет пред да Ви достави информации од овој карактер.

## Цел и правни основи за обработка на лични податоци

Целта на обработката на Вашите податоци е да се овозможи ефикасно управување со паркинг услуги и да се обезбеди почитување на договорни обврски при користење на НоваПарк. Интересите за обработка на лични податоци се и со цел следење на долгови и за заштита на деловните интереси. НоваПарк има право:

- Да пријави и следи корисник со неплатена тарифа за паркирање,
- Да обезбеди безбедност и да помогне во спречување/откривање на криминална активност,
- Да направи анализи на податоци, вклучително и известување за движење на возилото, типот на возилото и повторните посети, за да се анализира целокупната активност на локацијата.

Во случај на користење само на паркинг простори кои се управувани од страна на НоваПарк, целта на обработката на Вашите податоци (т.е. информации во врска со активностите на Вашето возило) е со цел да се обезбедат ефективни услуги поврзани со управувањето на паркинг просторот. Овие анализи се вршат заради зголемување на нивото на безбедност и обезбедување на поефикасно искуство на клиентите. НоваПарк има право:

- Да обезбеди безбедност и да помогне во спречување/откривање на криминална активност,
- Да направи анализи на податоци, вклучително и известување за движење на возилото, типот на возилото и повторните посети, за да се анализира целокупната активност на локацијата.
- Да го анализира Вашето однесување на Интернет со цел да обезбеди прилагодено корисничко искуство при користење на НоваПарк.

## Категории на лични податоци кои НоваПарк ги обработува и времетраење на нивно архивирање

1. Кога нема повреда на договорот за користење на услугите

Личните податоци што НоваПарк ги добива се Вашиот број на регистрација на возилото, името и адресата на возачот и дел од деталите за плаќање. НоваПарк може да обработи и слики од возилото, патниците или минувачите. Целосниот список на Вашите права според Законот за заштита на податоците е сумиран погоре. Вашите податоци ќе бидат архивирани во рок од 36 месеци со цел правилно и правично управување со паркингот, што понекогаш значи откажување на такси за паркирање. По изминување на рокот од 36 месеци, НоваПарк ќе ги избрише Вашите податоци од архивата.

2. Кога има повреда на договорот за користење на паркинг услуги

Кога се регистрира повреда на договорот за користење на паркинг услуги при офлајн или интернет плаќање, при системот АПРТ или преку видео надзорот, НоваПарк има право да побара податоци за регистриран сопственик на возилото од националните институции и други трети страни (на пример, агенции за изнајмување на возила, доколку е применливо) кои можат да поседуваат информации што можат да помогнат при спроведување на договорните обврски и решавање на било какви спорови. Овие барања можат да содржат лично име и презиме, и податоци за контакт како адреса на живеење и е-пошта, доколку не е поинаку предвидено.

Личните податоци што НоваПарк може да ги добие од националните институции или други трети страни вклучуваат:

- Име и адреса на регистрираниот сопственик на возилото;
- Видот, брендот, моделот и бојата на возилото;
- Потврда за регистарскиот број;
- Сите други информации со кои што НоваПарк располага, вклучително и информации што Вие сте ги споделиле.

Вашите податоци ќе бидат архивирани во разумен рок со цел да се овозможи плаќање на надоместокот или заостанатите трошоци за паркирање, од Вас или од друго лице или пак со цел решавање на сите отворени спорови. Вашите податоци нема да се чуваат подолго од 6 години освен во некои околности, каде што може да се чуваат подолго од 6 години, како на пример:

- Кога има тековен спор кој бара од НоваПарк чување на податоците подолго од 6 години,
- Во случај на судска наредба што го овластува НоваПарк да побарува ненаплатени долгови по истекот на 6 години,
- Во случај на постоење на договорни или правни обврски специфични за една страна кога нема друг начин за исполнување на договорни обврски.

3. Анализа на лични податоци при користење на апликацијата:

Како наведно погоре, НоваПарк може да собира податоци за време користење на услугите кои ги нуди или за време на Вашата употреба на НоваПарк. Овие податоци можат да содржат, но не се ограничени на:

- Име, презиме, адреса, кориснички налог, лозинка и е-пошта на регистрираниот корисник;
- GPS локација на регистрираниот корисник;
- Видот, брендот, моделот и бојата на возилото;
- Потврда за регистарскиот број;
- Сите други информации што НоваПарк ги добива, во согласност со колачињата и користените датотеки при најавувања, вклучувајќи ги и информациите што Вие ги споделувате со нас.

НоваПарк ќе ги користи овие податоци на различни начини со цел:

- Обезбедување, работење и одржување на НоваПарк,
- Подобрување, персонализирање и проширување на услугите што ги нуди Новопарк,
- Анализа на начините на користење на НоваПарк со цел прилагодување на корисничкото искуство,
- Развивање на нови производи, услуги, одлики и функционалности,
- За комуникација со Вас, директно или преку некој од партнерите, вклучително и за услуги на клиентите со цел достава на ажурирања и други информации во врска со НоваПарк и за маркетинг и промотивни цели,
- Испраќање на е-пошта,
- Пронаоѓање и спречување на измама.

Вашите податоци ќе се чуваат разумно време со цел да се овозможи употреба на услугите на НоваПарк. Во случај на раскинување на претплатата на услугите или деактивирање на сметката, добиените податоци ќе бидат задржани 36 месеци со цел правилно и правично управување со паркингот, што понекогаш значи откажување на такси за паркирање. По изминување на рокот од 36 месеци, НоваПарк ќе ги избрише Вашите податоци од архивата. Доколку побарате да ги промените и/или избришете податоците пред истекот на овој рок, НоваПарк е должен да ги уреди и/или да ги избрише податоците по потврда на Вашиот идентитет. НоваПарк исто така може да одбие да ги направи потребните измени/бришења при што во вакви случаи, НоваПарк мора да Ви обезбеди објаснување за ваквото постапување со правна поука.

Доколку НоваПарк го прифати барањето за измени/бришење на Вашите податоци, во такви околности, податоците нема да се чуваат подолго од 30 дена.

4. Датотеки на логови

НоваПарк следи стандардна процедура за користење на датотеки за најавување. Овие датотеки ги најавуваат посетителите кога ги посетуваат веб-страниците. Сите хостинг компании работат на овој начин и истиот е дел од аналитиката на хостинг услуги. Информациите собрани преку датотеки за најавување вклучуваат адреси на интернет протокол (IP), тип на прелистувач, давател на услуги на интернет (ISP), печат за датум и време, страници за упатување / излез и можеби број на кликнувања. Овие не се поврзани со какви било информации што можат да се идентификуваат лично. Целта на информациите е да се анализираат трендовите, администрирање на страницата, да се следи движењето на корисниците на веб-страницата и да се соберат демографски информации.

5. Колачиња

Како и секоја друга интрнет услуга, НоваПарк користи колачиња. Колачиња се мали текстуални датотеки што се поставени на компјутери, уреди или прелистувачи што се користат за пристап до веб-страници, апликации или друга интернет содржина. НоваПарк може да користи колачиња за да архивира информации за Вашите лични преференци и кориснички поставки при користењето на НоваПарк, да го анализира сообраќајот и корисничките трендови на сервисот и со цел да го разбере однесувањето и интересите на луѓето што ги користат услугите на НоваПарк.

Овие колачиња ќе користат само информации за Вашите лични преференци и кориснички поставки, така што НоваПарк ќе ги меморира Вашите податоци и ќе ги обезбеди следниот пат кога ќе ги побарате услугите.

НоваПарк исто така може да користи, открие или продаде други податоци кои се обезбедени од колачиња за други цели, но само на збирна основа и на начин што гарантира дека никој не може да биде лично идентификуван при користење на овие информации.

Како корисник, можете да ги промените поставките на уредот што го користите за пристап до НоваПарк со цел да ја отфрлите или ограничите употребата на колачиња, но тоа ќе ја намали корисничката функционалност на Новапарк.

6. Апели

Доколку се одлучите да оспорите тикет за наплата на паркирање и НоваПарк го отфрли Вашето барање, НоваПарк ќе Ви обезбеди единствен референтен код што може да се искористи за дополнително да се оспори овој тикет пред други надлежни институции.

7. Останати услуги

На паркинзите каде што НоваПарк користи видео камери и систем АПРТ заради прибирање на податоци и тестирање и каде што не се спроведуваат договорни услуги, НоваПарк ги архивира овие податоци во период од 90 дена. Овие податоци се чуваат доволно долго за да се обезбеди процесирање на податоците во статистики со цел обезбедување на ефикасност во управувањето и прилагодливост.

8. Анализа на податоци

НоваПарк ќе прибере и обработи податоци за Вашата индивидуална активност и активноста на возилото, со цел добивање на статистички информации поврзани со вкупните влезови и излези на сите возила во одреден паркинг простор, или типови возила што влегле во даден паркинг во даден ден. Овие изведени податоци повеќе не можат да бидат поврзани со кој било субјект на податоци и затоа се чуваат онолку колку што е потребно, а заради обезбедување на ефективни управувачки услуги.

НоваПарк, исто така ги анализира одделните категории податоци на различни начини со цел:

- Обезбедување, работење и одржување на НоваПарк,
- Подобрување, персонализирање и проширување на услугите што ги нуди Новопарк,
- Анализа на начините на користење на НоваПарк со цел прилагодување на корисничкото искуство,
- Развивање на нови производи, услуги, одлики и функционалности,
- За комуникација со Вас, директно или преку некој од партнерите, вклучително и за услуги на клиентите со цел достава на ажурирања и други информации во врска со НоваПарк и за маркетинг и промотивни цели,
- Испраќање на е-пошта,
- Пронаоѓање и спречување на измама.

9. Маркетинг

НоваПарк може да ги користи личните податоци собрани преку сервисите за да Ви испрати маркетинг или промотивни информации за личните услуги и производи, или услугите и производите на други компании (Информации за директен маркетинг), но само доколку постои согласност за тоа.

Доколку дозволите користење на лични податоци за маркетиншки цели, а подоцна решите дека не сакате да Ви испраќаме пораки поврзани со директен маркетинг, контактирајте со НоваПарк во секое време за да побарате престанок на овие активности. Овој контакт може да биде преку Офицерот за Заштита на лични податоци или директно преку копчето "Unsubscribe" на крајот на електронската пошта.

НоваПарк нема да ги продаде Вашите лични податоци на трети страни, освен ако експлицитно не се согласите со оваа активност.

## Споделување на лични податоци

Вашите лични податоци можат да бидат споделени со:

- Агенции за олеснување на наплата на долгови,
- Надворешни даватели на софтверски услуги,
- Независни посредувачи при спорови и жалби,
- Полициски и безбедносни служби,
- Адвокати, судски службеници и извршители кога е потребно заради реализирање на договорни услуги,
- Сопственици на паркинг простори за да се помогне при управување со паркирањето, вклучително и администрирање на сите релевантни списоци со места,
- Деловни партнери каде што НоваПарк ќе ги пренесе вашите лични податоци на друг субјект, а поврзано со продажба на нашиот бизнис или средства, спојување или консолидација или реструктуирање на нашата компанија, или која било друга трансакција во која трета страна се стекнува со сопственост на какви било права во НоваПарк,
- Трансфер на информации со што, Новапарк може да ги пренесе податоците опишани во оваа Политика на приватност во или од други земји до оној степен до кој што е неопходно да се овозможи деловна активност во тие земји. Некои од овие земји може да имаат помала легислатива поврзана со закони за заштита на приватноста или заштита на податоците од регионот во кој што Вие сте регистрирани. Онаму каде што е случај, НоваПарк ќе преземе соодветни мерки за заштита на Вашите лични податоци во согласност со оваа Политика за приватност.

Договорите за споделување на податоци ќе бидат ставени во функција пред да се споделат личните податоци со цел да се обезбедат релевантни заштитни мерки на тие податоци.

Освен во случаите наведени овде, НоваПарк нема да сподели информации за Вас или Вашето возило со која било трета страна.

## Политика за приватност на рекламирани партнери и други трети страни

Ве охрабруваме да ја пронајдете Политиката за приватност за сите партнери кои се рекламирани на нашите сервиси како и други трети страни затоа што НоваПарк нема пристап или контрола над колачињата што ги користат партнерите или третите рекламни страни.

Серверите за реклами на трети страни и рекламните мрежи користат технологии како колачиња, JavaScript или ''web-beacons'' кои се користат во нивните соодветни реклами и врски што се појавуваат на сервисите на НоваПарк и кои се испраќаат директно до прелистувачот на корисниците и истите автоматски ја примаат вашата IP адреса. Овие технологии се користат за мерење на ефективноста на нивните рекламни кампањи и/или за персонализирање на содржината за рекламирање што ја гледате на веб-страниците што ги посетувате.

## Политики за приватност на трети страни

Политиката за приватност на НоваПарк не се однесува на други сервиси или веб-страни. Ве советуваме да се консултирате со соодветните Политики за приватност на рекламните сервери на трети лица за подетални информации кои можат да ве информираат за нивните практики и упатства за тоа како да се откажете од одредени опции. Исто така, можете да изберете да ги оневозможите колачињата преку индивидуалните опции на прелистувачот кој го користите. Подетални информации за управувањето со колачињата на веб-прелистувачи може да се најдат на соодветните веб-страни на прелистувачите.

## Информации за деца

Приоритет на НоваПарк е овозможување на заштита за деца додека користат интернет. Ги охрабруваме родителите и старателите да ги набудуваат, да учествуваат во и/или да ја следат и водат нивната активност на интернет.

НоваПарк не може свесно да препознае лични информации што ги овозможиле деца под 13-годишна возраст. Доколку сметате дека вашето дете обезбедило ваков вид на информации на нашата веб-страна или сервис, ве охрабруваме да не контактирате и веднаш ќе ги отстраниме ваквите информации од нашата архива.

## Безбедност

НоваПарк ќе ги користи сите разумни напори да реализира и одржува соодветни безбедносни мерки за заштита на личните податоци од неовластен пристап, употреба, модификација или откривање. Но, бидејќи Интернетот е отворена мрежа, НоваПарк не гарантира дека Вашите лични податоци се безбедни од неовластен пристап, употреба, модификација или откривање, било за време на пренесување до или од сервисите, или при наше архивирање.

## Промени во известувањата за приватност

НоваПарк може да го промени начинот на кој ги обработува личните податоци. Ова може да доведе до промени во начинот на кој НоваПарк ги собира и/или користи Вашите лични податоци, односно НоваПарк го задржува правото да ги измени условите на оваа Политика за приватност во било кое време. Оваа политика за приватност последен пат е ажурирана на 31-ви Мај, 2020 година.

## Дополнителни информации и поплаки

Доколку ви требаат повеќе информации за оваа политика, ве молиме контактирајте не. Доколку сакате да поднесете приговор по истата, тоа можете да го направите Агенцијата за заштита на личните податоци преку нивната веб-страница, www.dzlp.mk.